**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - КИЧЕВО**

**Назив на студиската програма:**

**МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНА ПОЛИТИКА**

# МАЛИГНОТО ИНФОРМАЦИСКО ВЛИЈАНИЕ НА РУСИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН: СЛУЧАЈОТ СО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Докторски проект

**Кандидат:** **Ментор:**

**М-р Гзим Рушити** **Проф.д-р Горан Илиќ**

**Бр. на индекс 7-III/Б**

**Септември, 2024**

**СОДРЖИНА**

Апстракт . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3

1. Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
2. Преглед на литература . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
3. Методи и материјали . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
4. Влијание на Русија во земјите од Западен Балкан . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13

4.1. Влијание на Русија во Република Северна Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . . 25

5. Заклучок . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33

# МАЛИГНОТО ИНФОРМАЦИСКО ВЛИЈАНИЕ НА РУСИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН: СЛУЧАЈОТ СО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**М-р ГзимРушити**
Правен Факултет – Кичево, Универзитет„Св. Климент Охридски“ - Битола, Република Северна Македонија
ORCID iD: https://orcid.org/0009-0001-0666-8357
ge-zim1990@hotmail.com

**Проф. Д-р Горан Илиќ**
Правен Факултет – Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Република Северна Македонија
ORCID iD: https://orcid.org/0000-0003-3501-1386
goran.ilik@uklo.edu.mk

## Апстракт

Докторскиот проект го истражува малигното информациско влијание кое го има Русија врз земјите од Западен Балкан. Дополнително, целта на истражувањето е определување на овој вид на влијание врз Република Северна Македонија, односно да се утврди на кој начин руската пропаганда влијае врз Република Северна Македонија. Со истражувањето на различните аспекти кои се однесуваат на информациското влијание кое Русија го извршува кон конкретно определени земји од Западен Балкан, се дава целосна слика за состојбите на терен. Секако ова влијание кое се реализира преку облик на пропаганда има точно определени цели, кои треба да бидат постигнати во конкретни земји во кои се остварува ова руско влијание, вклучително и во Република Северна Македонија. Во интерес на научното истражување се употребени повеќе методи и методолошки постапки како би можела да се оствари целта на истражувањето.

Од спроведеното истражување може да се заклучи дека Русија навистина извршува различни облици на влијание во земјите од Западен Балкан, конкретно и во Република Северна Македонија. Овој вид на влијание во земјите од Западен Балкани конкретно во Република Северна Македонија, се реализира на различни начини, во зависност од

историската конотација, традицијата, веќе воспоставените врски, моменталните политички состојби во земјите и сл.

**Клучни зборови: Пропаганда, Влијание, Западен Балкан, Информации, Република Северна Македонија.**

## 1. Вовед

Прашањето за руското влијание врз земјите од Западен Балкан претставува прашање за кое многу широко се дебатира и полемизира. Од една страна, некои сметаат дека присуството на Русија во регионот на Западен Балкан е пренагласено, како и тоа дека нејзините геостратешки приоритети секогаш имаат предност во однос на оние со традиционалните сојузници. Од друга страна пак, други сметаат дека мешањето на Русија во регионот на Западен Балкан не треба да се потценува и токму затоа во земјите од Западен Балкан треба да се преземат конкретни превентивни мерки како би се спречило понатамошното напредување на руското влијание во овој регион. Ако се анализираат овоие две перспективи може да се дојде до заклучок дека и во двете постои некаква вистина. Треба да се има во предвид фактот дека иако Русија има влијание и интерес во Западен Балкан, нејзиниот пристап од секогаш бил пред се опортунистички. Ова всушност значи дека Русија ќе ги искористи сите врски кои ги има воспоставено со некои локални актери и влади се со цел да ја спроведе својата агенда. Ова дејствување на Русија во главно предизвикува проблеми на Европската Унија и НАТО, конкретно се настојува да се изврши блокирање на забрзаното приближување на земјите од Западен Балкан кон НАТО алијансата. Оваа перспектива за остварување на директно руско влијание врз земјите од Западен Балкан има и свое ограничување, кое се наметнува како резултат на фактот што овие земји имааат јасна слика за нивното приближување кон Европската Унија и НАТО. Сепак бавниот процес на европска интеграција на земјите од Западен Балкан, оправдано предизвикува многу критики и полемики.

За да може да се разбере интересот кој го има Русија во земјите од Западен Балкан, потребно е да се согледа историјата на овој регион, како и интересот кој го покажувале Големите сили кои историски настојувале токму во овој регион да го остварат своето влијание, без разлика на тоа дали е на директен или индиректен начин, преку посредници. Балканската историја е прилично комплицирана, Балканот претставува раскрсница из меѓу отоманските, австроунгарските, германските, во определена мера италијанските, а во последно време и британските, американските и интересите на Европската Унија. Русија, исто така за време на владеењето на царот, советскиот и пост советскиот период, јасно го истакнува својот интерес кој го има за Балканот.

Структурално докторскиот проект е составен од два засебни делови, во кои се опфатени шест посебни глави кои се однесуваат на тематиката која е предмет на научното истражување.

Првиот дел од докторскиот проект ги опфаќа прашањата кои се однесуваат на влијанието кое го има Русија во земјите од регионот на Западен Балкан. Конкретно во овој прв дел од докторскиот проект опфатени се четири посебни глави кои ја разработуваат оваа тематика. Во првата глава со наслов "Западен Балкан како поткомплекс во теоријата на регионален безбедносен комплекс", направено е поимно определување на Западен Балкан, теоријата на регионален безбедносен комплекс, Западен Балкан како поткомплекс во теоријата на регионален безбедносен комплекс и Западен Балкан и Република Северна Македонија. Во втората глава со наслов "Билатерални односи на Русија со земјите од Западен Балкан", опфатени се односите кои се воспоставуваат на релација Босна и Херцеговина со Русија, Албанија и Русија, Косово и Русија, Србија и Русија, Црна Гора и Русија и Република Северна Македонија и Русија. Третата глава со наслов "Влијание на Русија врз земјите од Западен Балкан", се однесува на влијанието кое го има Русија во земјите од овој регион. Конкретно во оваа глава ќе биде разработено политичкото влијание, факторите кои придонесуваат за реализација на влијанието на Русија во земјите од Западен Балкан, субверзивното дејствување, дезинформации во Online просторот за руската пропаганда и улогата на руските медиуми и начинот на нивното известување за Западен Балкан. Во глава четири со наслов "Дестабилизација на Западен Балкан како резултат на војната Русија - Украина", опфатени се прашања кои се однесуваат на односите помеѓу Русија и Украина во историска смисла, околностите кои влијаат за започнување на војната, спречувањето на ЕУ и НАТО присуство во земјите од Западен Балкан и пренесувањето на конфликтот на Балканот.

Вториот дел од докторскиот проект ги опфаќа прашањата кои се однесуваат на влијанието кое го има Русија во Република Северна Македонија. Во глава пет насловена како "Информациско влијание на Русија во Република Северна Македонија" опфатени се неколку прашања. Имено во овој дел анализирана е руската пропаганда во Република Северна Македонија со посредство на медиумите, македонските политички елити кои се ставаат во служба на руската пропаганда и руската пропаганда која се спроведува во Република Северна Македонија со помош на социјалните мрежи. Во глава шест насловена како "Улога на руските разузнавачки служби во реализација на

влијанието во Република Северна Македонија”, опфатени се прашања кои се однесуваат на дејствување на руските разузнавачки служби како алатка на надворешна политика, разузнавачките руски служби на терен и координираната руско – српска разузнавачка акција во Република Северна Македонија.

Предмет на докторскиот проект е идентификувањето на параметрите на малигното или штетното информациско влијание на Русија во земјите од Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија.

Основна цел на истражувањето е определувањето на различните модалитети и механизми кои се користат од Русија за остварување на нејзиното влијание во земјите од Западен Балкан, конкретно во Република Северна Македонија. Самото истражување секако има научна цел, односно преку еден теоретски пристап да се операционализира и идентификува влијанието на Русија во земјите од Западен Балкан и Република Северна Македонија. Научната цел самата за себе ќе биде и од значење за збогатување на научната литература која го третира ова прашање.

Детектирањето на причините кои доведуваат до руско влијание во Северна Македонија, разните модалитети кои се користат, последиците кои настануваат како резултат на ова влијание ќе бидат од помош за конципирање на внатрешната политика во насока на заштита на било каква странска пропаганда, конкретно руската пропаганда.

Едно вакво истражување е сосема оправдано ако се има во предвид подготвеноста на Русија да го оствари своето влијание во земјите од Западен Балкан, вклучително и во Република Северна Македонија. Истражувањето би било од помош при решавање на отворените проблеми и прашања кои настануваат како резултат на руското влијание во земјите од Западен Балакн и во Република Северна Македонија.

## 2. Преглед на литература

Развојниот пат на Русија на многу начини се разликува од земјите на Западна Европа. Општо гледано историјата на Русија до Октомвриската Револуција се карактеризира со постојани тенденции за територијална експанзија. Во оваа насока не недостасуваа резултати, но процесот на проширување не е развиен во права линија (Азири, 2012).

Во реалната слика на светот и меѓународните односи, како и САД, така и Русија, претставува една голема сила,"жедна" за моќ и влијание во светските процеси. А таквата тенденција, не би можела да го демократизира и хуманизира светот, ниту пак да го нормира меѓународните односи (Илиќ, 2012).

Зборувајќи за геополитиката на Балканот, ги сметаме пред сè главните актери, кои се не само државите туку и Големите Сили кои играле и играат одлучувачка улога во геополитичкото обликување на регионот, кои низ вековите се обидувале да влијаат преку изготвување и имплементација на геостратегии за промени во географската конфигурација, секогаш во нивен интерес. Некои од главните моменти каде што е најзабележливо влијанието на Големите Сили врз геополитиката на Балканот се : „Договорот на Свети Стефан го опфати речиси целиот полуостров, под руско влијание нешто што би можело да го прифати и западот. Против овој договор беа Англија и Австро-Унгарија, која и' беше ривал на Русија за влијание во балканскиот регион. Дури и во поновата историја, јасно се виде влијанието на Големите Сили : на едната страна беа САД, додека, од другата страна беше Русија и некаде помеѓу Европа поделена, фактори овие што имаше одлучувачка улога во периодот на војните на просторите на поранешна Југославија. Затоа може слободно да се каже дека улогата и влијанието на Големите Сили во Балканот беше и ќе остане клучен, и ова пред се, поради геостратешката положба на овој регион (Рибај, Чами, 2015).

Русија историски, имаше интереси во Балканот. Дури, руско-западното ривалство беше меѓу најжестоките. Москва има намера, во зависност од околностите, да се користи една или неколку земји на Балканот како „Тројански коњ" за нејзините интереси. На краток рок, е во руски интерес регионот да остане во статус кво, да се направи една периферна зона на Европа, додека ја деградират позитивните случувања кон безднaта. Фрагментација на Балканот и поткопување на западните интереси се планира со предумисла, одгледувајќи еден вид ривалство кон евроатлантско проширување. Фокусот е ставен и на посебните етно-културни врски, и наводно компатибилност на геополитичките интереси на некои балкански земји со Русија.

Лажните вести се само најеклатантната манифестација на информациската војна. Меѓутоа, руските државни структури никогаш не се поврзуват јавно со такви настани и акции и секогаш ја негират вистинските намери. Бидејќи за Русија, Балканот е еден бојното поле со западот, таа користи и други средства за влијание, овде ќе спомнеме

само неколку најкарактеристично : хуманитарна помош, врските со граѓански здруженија, здруженија на воени ветерани, истражувачки институти, научни здруженија, стопански комори, младински организации до медиумите. Тие се широко распространети во регионот и имаат директно влијание во нивните општества, се направени инструменти на руската надворешна политика (Хоџај, 2022).

Хајди Џиџа, експерт и предавач по политички науки во УБТ во Приштина е поконкретно, таа издвојуваат некои рани руски влијанија во регионот. Присуството на Русија во Балканот продолжува со цел да се спречат интегративните процеси.

Во контекст на влијание Авторката Џиџа го менува својот став нагласувајќи дека балканските земји  се способни да држат соодветно растојание од ова влијание, на тој начин ја игнорира руското влијание. Но, историјата потсетува на настаните кои ја претставуваат носталгијата на овие балкански земји ( Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Република Северна Македонија, Косово и Албанија ), која во минатиот век соработувала со Советскиот Сојуз.

Ова и овозможи на Русија да поседуваат знаења и информации за општеството на овие земји, како што се туризмот, културата, образованието итн, кои на Русија и даваат простор за полесно маневрирање денес. Организацијата на културни средби, научни конференции, проруските движења во регионот, се модерни форми на руската надворешна политичка пропаганда за да создаваат влијание од сите форми. Русија исто така користат меѓународни организации за реализација на своите цели меѓу кои треба да се спомене и Советот за Безбедност на Организацијата на Обединетите Нации. Ривалствата се зголемуваат уште повеќе кога аспирациите на државите од Западен Балкан, се потпре повеќе кон западниот свет или членството во НАТО и ЕУ. Русија продолжува да води хибридна војна во Балканот преку медиумска пропаганда, дезинформации и играта на енергетскиот гасовод, со цел на тргнувањето од патот кон западот на земјите од Западен Балкан и нивната привлечност кон руската сфера. Др. Хајди го гледа Балканот од историска перспектива како арена на конфликти, на различни интереси, на западниот и источниот воен блок итн. Таа нагласува дека односите меѓу земјите од поранешниот Варшавски Блок и Русија се одржуваат активни. Во оваа прилика таа го нагласува финансирањето на партиските кампањи во Западен Балкан (Ибраими, 2021).

Иако регионот на Западен Балкан лежи надвор од тоа што Русија ја смета за својата сфера на близок интерес Кремљ го виде лесно и корисно употреба на средства за странско влијание и интервенција во регионот, особено по инвазијата на Крим во 2014 година, со цел да ги заштити своите интереси и да ги проектира своите наративи. Целни и евтини асиметрични операции во информацискиот простор, вклучувајќи (де)информативни кампањи, сајбер напади и тајни операции комбинирано со поддршка од репрезентативни организации и употреба на политичко и економско влијание, биле ефективни во искористувањето на структурните слабости и социјалните и политичките поделби во шесте земји од Западен Балкан.

Русија ги искористи овие хибридни стратегии за да постигне три цели во регионот, со различен степен на интензитет и успех со текот на времето :

1) Одржување на статус кво, каде што е погодно за руските интереси т.е. во Косово и Босна и Херцеговина.
2) Да се поткопа ЕУ и НАТО, со забавување на целосната интеграција во западните институции.
3) Да се заштитат економските интереси на Русија и оние на нејзините елити (Stanicek, Caprile, 2023).

Русија играше и продолжува да игра, една клучна улога во стабилноста и развојот на балканскиот регион бидејќи е важен меѓународен актер и со глас во овој дел на глобусот. Исто така, треба да се забележи дека Балканот и Русија имаат историски, културни и религиозни врски, кои и овозможуваат на Москва да биде поактивна во регионот. Кремљ игра со нетрпение во такви споделени културни врски и да ги поддржи руските трговски напори за продлабочување на економските и трговските односи во клучните стратешки сектори како што се енергијата, банкарството и недвижностите за да создаде политичка и економска зависност на Балканот. Операциите за руско влијание ги поттикнуваат врските меѓу луѓето со цел да се создадат пријателски зони кон Русија и потпора на влијание што би можело да и овозможи на Москва да спречи понатамошна интеграција на Балканот во западните економски, политички или безбедносни структури (Mihr, Sorbello, Weiffen, 2023).

Начинот како Русија се мешаше во локалните информативни простори низ Источна Европа не е исто со начинот на кој го правеше тоа на запад. Прво, бидејќи наративите што ги нуди Русија веќе се познати подолго време во регионот. Второ, бидејќи слабите

информациски средини дозволуваат локален аутсорсинг на наративната продукција, без поголема потреба за интервенција. Општото разочарување од Западот низ целиот регион е клучна варијабла за успешна изградба на наратив кој им служи на руските интереси. Локалните претставници на дезинформации конструираат наративи, со користење идејата за веќе постоечки врски на идентитет, заедничка историја и безусловна руска политичка поддршка со текот на времето. Тие ја замаглуваат границата помеѓу мислењето и фактот, и со тоа предизвикуваат недоверба во претходно почитуваните извори на фактички информации. Овие наративи се филтрирани преку традиционалните и социјалните медиуми, како и локални политички, културни и економски актери.

Во Северна Македонија, алатки за автоматизација одиграа клучна улога во туркањето антизападни наративи, додека во Србија и Босна и Херцеговина традиционалните медиуми политички контролирани придонесуваат повеќе за ова. Општиот ефект на руските наративни претставници низ целиот регион е дека перспективите за членство во ЕУ и НАТО за земјите од Западен Балкан се оштетени, се промовира имиџот на Русија како политичка, воена и економска алтернатива на Западот; тензиите меѓу различните заедници се разгореа, се зголемува довербата и присуството на националистички/патриотски движења, и екосистемот на локалните медиуми е скршен и новинарството е оштетено. Во Северна Македонија, наративни антизападен/проруски, претставници, особено активни во кампањата на бојкотот за време на референдумот, што се закануваше да ја поткопа прозападната ориентација на земјата. Во Србија, тие имаат штетно влијание врз процесот на нормализација со Косово. Во Босна и Херцеговина, тие ги поткопуваат перспективите на политичката и институционалната соработка меѓу двата субјекти на земјата (Metodieva, 2019).

Русија ја загуби геополитичката битка со Западот во Северна Македонија со потпишувањето на договорот меѓу Скопје и Атина во јуни 2018 година за прашањето за името, а особено со членството на Северна Македонија во НАТО. Но, Москва не се откажува од стратегијата за превртување на политичките состојби во земјата преку интервенција во изборните процеси за промена на власта и стратешка ориентација на земјата (Мурати, 2022).

## 3. Методи и материјали

Елаборацијата на предметот на докторскиот проект претпоставува и користење на соодветна методологија која ќе овозможи емпириско истражување и добивање на податоци и сознанија кои понатаму ќе бидат основа за предлагање на нови решенија.

Станува збор за комбинирано истражување.

Конкретно ќе бидат користени следните научни методи, и тоа: историскиот метод, компаративниот метод, методот на анализа на содржина, нормативниот метод, методот на индукција, методот на дедукција и методот студија на случај. Историскиот метод ќе биде користен во делот кој се однесува на утврдување на влијанието на Русија врз земјите од Западен Балкан во една историска смисла, во различни временски периоди. Компаративниот метод се користи во анализата на различниот пристап на земјите од Западен Балакан во делот на нивното справување со руското влијание во земјата. Анализата на содржина се употребува за обезбедување на определен број на текстови, се со цел да се квантифицира нивната содржина од аспект на претходно утврдените категории. Нормативниот метод се употребува во делот на анализа на сите оние правни документи, на внатрешен план и на надворешен план кои се однесуваат на проблематиката која е предмет на наш интерес. Методот на индукција треба да овозможи извлекување на заклучоци од поединечното кон општото. Додека пак методот на дедукција како постапка овозможува изведување на посебни или поединечни заклучоци од општото. Студијата на случај го проучува конкретниот случај, односно со помош на истата се обезбедуваат проширени и зајакнати знаења кои веќе се утврдени во некое претходно истражување.

Научното истражување има свој придонес и во соодветна област која ја третира оваа проблематика. Имено се очекува преку ова истражување да се помогне во решавањето на некои општествени проблеми, односи и процеси кои настануваат како резултат на руското влијание во земјите од Западен Балкан, вклучително и во Република Северна Македонија.

За таа цел, истражувањето треба да одговори на следните истражувачки прашања:

ИП1) Како се манифестира руското влијание (“меката моќ”) во Западен Балкан, со посебен осврт кон Република Северна Македонија?

ИП2) Кои се инструментите на руското влијание во Западен Балкан, со посебен осврт кон Република Северна Македонија?

ИП3) Како се артикулира јавното мислење во земјите од Западен Балкан, посебно во Република Северна Македонија, во однос на Русија (генерално) и руско-украинската војна (посебно)?

ИП4) Што треба да се преземе во однос на превенција и сузбивање на руското влијание во Западен Балкан, а посебно во Република Северна Македонија?

Информациското влијание кое го артикулира Русија во Република Северна Македонија е на штета на внатрешното функционирање на земјата, како и на штета на интеграциите на земјата во Европската Унија.

Посебни хипотези на истражувањето :

- Поврзаноста на македонските политички елити со Русија овозможува непречено реализирање на "меката моќ " на Русија во Северна Македонија,
- Тешкиот процес на интеграција на Северна Македонија, кон полноправно членство во Европската Унија, влијае на деградација на имиџот на ЕУ и подготвеност на македонските граѓани за други алтернативи, како што е Русија,
- Финансирањето на проруски медиуми во земјата го креираат јавното мислење, во насока на проруска ориентираност на македонските граѓани.

## 4. Влијание на Русија во земјите од Западен Балкан

Во односите на балканските земји, на широко е познато дека Русија по падот на Отоманската Империја, имаше активна улога во историските одлуки. Првите промени на почетокот на овој век зборуват отворено за активирање на руската дипломатија во рамките на балканскиот регион. Руски енергетски компании во последните децении презедоа водечка улога во промоција и инвестирање на нивните бизниси на Балканот. Регионот се смета за транзитна рута за интеграција на Русија во рамките на глобалниот енергетски пазар, што всушност го претставува клучниот фактор на неговите геостратешки интереси. Енергетските проекти кои минуваат низ Балканот го враќаат руската улога во регионот и на ниво на регионални и континентални геополитички

влијанија. Балкан по овие проекти повторно се враќа во важен геополитички мост кон Европа што се користи од Русија (Мустафа, 2022).

Земјите од Западен Балкан традиционално се наоѓаат во фокусот на руските интереси. Русија има историски силни врски со земјите од Западен Балкан, но постепено нејзиното влијание опаѓа во регионот, од причина што вложувањата и помошта од ЕвропскатаУнија, и останататите субјекти на меѓународната сцена, како што е Кина, се поголеми од руските инвестиции.

Регионот на Западен Балкан не се потпира само на ЕУ, туку и на други надворешни фактори кои имаат реална можност да вршат влијание преку различни канали, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, прагматични и материјалистички фактори кои се однесуваат на економските, безбедносните фактори и геополитички придобивки. Со гледање на :

1) Посетите и изјавите на високи функционери,
2) Ставот на земјата за санкциите против Русија и;
3) Извештаите за напредокот на Европската Комисија со посебен акцент на Поглавје 31 Надворешна, безбедносна и одбранбена политика.

Може да се забележи дека руската моќ во земјите кои имаат тенденција да негуваат поблиски билатерални врски со Москва доаѓа на сметка на попречување на процесот на европеизација во моменти кога односите ЕУ-Русија се премногу негативни (Zorić, 2020).

Западниот Балкан, заедно со европското соседство, се појавува како фронт во геополитичката конфронтација на Русија со Западот. Каплан тврди дека оваа конфронтација е длабоко вкоренета во заедничката географија (Kaplan, 2012).

Од друга страна, Бжежински истакнува дека руското влијание на Балканот е израз на различни политички системи, вредности и идеологија. Бжежински верува дека неуспехот на Америка да се ангажира со Русија по крајот на Студената војна има спротивен ефект, поттикнувајќи ја Русија да се фокусира на обезбедување на својата авторитарна власт на сопствена почва и на враќање на своето влијание во државите на поранешниот Советски Сојуз и пошироко (Brzezinski, 2013).

Русија полека, но сигурно својата пропаганда ја инфилтрира во другите земји, како и во земјите од Западен Балкан. Централна агенција која е одговорна за "мека моќ" на Русија е Росотрудничеството. "Меката моќ", претставува целокупен алат и механизам за решавање на надворешно политичките проблеми кои се засновани на способностите на граѓанското општество, информациите и комуникациите, хуманитарните и другите алтернативи, методите и технологијата. Зголемената глобална конкуренција доведува до ризик од незаконска употреба на концептот на "мека моќ" и човековите права се со цел вршење на политички притисок на суверените држави, мешање во нивните внатрешни работи, дестабилизација на тамошните ситуации, манипулација со јавното мислење и свеста во овие држави и сл.

Мека моќ е термин широко користен меѓу дипломатите, академците и практичарите што се однесува на моќта на привлечност во светската политика. Додека меката моќ потекнува од оригиналното дело на Џозеф Нај, кое ја разликува принудата (тврдата моќ) против привлечноста (меката моќ), теоријата значително еволуираше од тој момент. Постои жестока дебата меѓу научниците за тоа како да се вклучат со дискурсот на меката моќ во анализата на надворешната политика, каква релевантност има и дали воопшто има некаква корист. Дел од стручната јавност ја гледаат меката моќ како дискриминаторска бидејќи Нај сугерираше дека американските и западните вредности се инхерентно привлечни за разлика од другите вредности како што се оние што ги претпочитаат поавтократските режими (Gricius, 2020).

Американскиот политиколог Џозеф Нај, кој се смета за автор на поимот на "мека моќ", всушност со него го усовршува постариот концепт на "хегемонија", при што врши додавање и хуманитарна димензија на воено – политиката. Русија, иако ги користела истите поими, небила ниту политички, ниту економски способна и небила подготвена да биде вовлечена во такви глобални хегемонистички проекти. За "хуманитарците" научниците, културните личности, филантропите, апелот на државата за "мека моќ", им помага да добиваат средства за своите проекти. Колку тие кореспондираат со „државните интереси" е посебно прашање. Секоја хуманитарна активност може да биде завиткана во „патриотска обвивка" пред официјални лица и да се фрли по добивањето грант и да се земе назад заради известување.

Мрежата на официјални и формално независни структури кои се дизајнирани за реализација и остварување на "меката моќ" на Русија е формирана постепено. Во

главно, преку исполнување на конкретни задачи, како што се промовирањето на рускиот јазик, промовирањето на руската историја, остварување на интеракција со сонародниците, работа со разни експертски мрежи и личности.

Кога станува збор за руското влијание во Босна и Херцеговина треба да се потенцира дека Русија ужива политички, културни и економски односи со Босна и Херцеговина, посебно со Република Српска и нејзиниот лидер Милорад Додиќ. Во овој дел Русија е вклучена во производство на електрична енергија, проекти за нуклеарна енергија, рафинерии за нафта и продажба на горива во Република Српска. Од односите кои се воспоставуваат на релација Босна и Херцеговина со Русија може да се заклучи дека постои големо руско влијание во Босна и Херцеговина, благодарение пред се на поединечни политички елити и лидери во земјта, примерот со Милорад Додиќ.

Војната во Украина им даде на европските креатори на политики ново разбирање за тоа колку е кревок мирот во Босна и Херцеговина. Главна цел на Русија во Босна повеќе од две децении беше да се задржи државата поделена и нефункционална, и да ја спречи да ја развива својата надворешна политика – вклучувајќи го и членството во НАТО. Руското влијание најмногу функционира преку повоеното уставно решение на Босна, еден систем на поделба на моќта што им ги дал голема моќ на локалните играчи, чии цели и активности се преклопуваат со интересите на Русија (Ruge, 2022).

Во 21 век, историјата на односите меѓу Русија и Босна и Херцеговина се поврзува со името на Милорад Додик. Благодарение на Милорад Додик, економската соработка меѓу Русија и Република Српска почна брзо да се развива. По најавувањето на Албанија и Хрватска во НАТО, Русија започна сериозно да соработува со Милорад Додик. Денес точно Додик, кој користи поддршка на Русија, го спречува влезот на Босна и Херцеговина во НАТО. Се разбира, по 2012 година, надворешни фактори како што е борбата против радикалните исламисти во Сирија, интегративните процеси во постсоветскиот простор и војната во југоисточна Украина постојано го одвраќаше вниманието на Кремљ од Босна и Херцеговина. Сепак, Русија покажува дека нема да ја напушти Босна и Херцеговина. Еден надворешен фактор кој во моментов влијае на зајакнувањето на влијанието на Русија во Босна и Херцеговина е проширувањето на НАТО во Западен Балкан. Русија веќе го изгуби влијанието во Црна Гора, кои се приклучи на НАТО во 2017 година. Во денешно време, Русија има влијание само во Србија и Република Српска. Руското влијание е посилно во Република Српска отколку

во Србија. Затоа, Русија во последните години ја зајакна соработката со Република Српска. Овој пат, Русија треба да направи значителни напори за да ги заштити своите интереси во Босна и Херцеговина во Западен Балкан и да го поддржи српскиот братски народ. Во спротивно Русија ќе ја загуби не само Босна и Херцеговина, туку и Западен Балкан (Sharifzoda, 2020).

Трговските односи на Босна и Херцеговина со Русија пред 2022 година претставуваше околу 3% од вкупниот увоз на земјата. Од 2019 до 2022 година, извозот на стоки од земјата на рускиот пазар изнесуваше околу 60 милиони евра годишно и претставува околу 1,5% од извозот на земјата. Увозот на Босна и Херцеговина од Русија забележале благ пораст во 2022 година во споредба со 2021 година и тоа е главно резултат на растот на цените, особено минералните горива, принципално на природен гас во гасовита состојба (Kostadinov, 2023).

Кога се зборува за руското влијание во Албанија, може да се заклучи дека Албанија не е толку подложна на ова влијание како што е случајот со другите држави од регионот на Западен Балкан. Ова пред се е резултат на фактот дека Русија има само маргинален интерес и влијание во Албанија, а што се однесува до самите односи помеѓу земјите истите се затегнати.

Како и другите земји од Западен Балкан, Албанија претставува, геополитички, еден суштински мост меѓу Истокот и Западот на Западен Балкан. Оваа позиција го прави тоа привлечни за надворешните актери склони да ги развијат своите сфери на влијание во овој регион. Во овој поглед, Албанија се карактеризира „како надворешен обезбедувач на безбедност и примател на внатрешна безбедност“поради членството во НАТО и нејзината посакувана геополитичка позиција во регионот од страна на третите сили (Slavková, Grabovac, Grabovac, 2023)

Русија, Кина и Турција се присутни во различни форми и степени во Албанија преку врски во политиката, бизнисот, медиумите, образованието или религијата. Од историски причини меѓу Русија и Србија, Албанците ја сметаат Русија за актер кој не ги поддржува нивните интереси. Беше еден специфичен период во кој комунистичкиот режим на Хоџа во Албанија ги зајакна врските со Советскиот Сојуз и разви широк економски, социјални и образовни односи со Москва. Директното влијание на Русија во Албанија речиси и да не постои. Со преземањето на претседавањето со ОБСЕ, албанскиот премиер Еди Рама ја посети Москва и беше примен од Сергеј Лавров, кој

го коментираше недостатокот на односи, велејќи дека недостигаат и основните канали на комуникација меѓу двете земји. Напорите на руската амбасада во Тирана неодамна се зголемија на полето на меката моќ со нудење курсеви по руски јазик и организирање на културни настани. Исто така, рускиот медиум Russia Today извесно време ја отвори филијалата на албански јазик Русиа Сот, која во моментов е прекината. Сепак, протестите во Албанија во 2019 година беа покриени од Russia Today и Sputnik (Cela, 2020).

Дополнително, економските односи меѓу Албанија и Русија се ограничени, додека дипломатските односи остануваат замрзнати. Доколку е потребно да се идентификува некој обид или конкретен пример за руската интервенција во Албанија, досега се пронајдени само неуспешни обиди или примери кои не одат подалеку од вообичаените гласини (Лошај, 2024).

Албанија и Русија во моментов имаат исклучително ниски политички и економски односи. Постојат историски и геополитички причини кои го објаснуваат ова ниско ниво на односи меѓу двете земји. Но, и покрај исклучително ниските односи со Русија, се чини дека тенденцијата во албанската политика е да се оди уште подалеку во намалувањето на односите со Русија. Не постои политичка партија или политичар што сака да биде ни оддалеку поврзан со Русија на кој било начин. Секој обид на руски компании да учествуваат во отворените набавки во Албанија се толкува како фаворизирање на Русија и како руска закана за Албанија. Конечно, сегашните односи на Албанија со Русија се различни и против практиката на речиси сите земји-членки на ЕУ, каде Албанија се надева дека еден ден ќе биде дел од неа (Kristafi, 2020).

Косово во споредба со останатите земји од Западен Балкан нема формални дипломатски односи со Русија. Ова е резултат на непризнавањето на Косово од страна на Русија.

Во Косово, влијанието на Русија е насочено кон исполнување на две широки геостратешки цели, од една страна да нуди руска алтернатива на Западот, додека од друга страна фаќањето на една трамболина во Србија како физички исто така во усогласувањето на надворешната политика на Србија со онаа на Русија. Високи косовски и српски политичари го гледаат руското влијание како дел од геополитичката игра во стилот на 21 век. Русите не се во Косово затоа што се грижат за самата земја, туку да го таргетират Балканот во целина. Како што „пораснаа интересите и

способностите на Русија, така растеше и нивното ниво на вклученост“ во регионот, според вицепремиерот на Косово, Енвер Хоџај. Поранешниот министер за економија на Србија смета дека „Србија и остатокот од Балканот се шаховски фигури во играта на големите сили, Русија, ЕУ и САД“. Како резултат на војната во Косово, Косово се врати некако во Берлин на 21 век, едно жариште на шпионажа и интриги , во кои глобалните и регионалните сили на пр. САД, ЕУ, Русија, Турција, Србија туркаат и се натпреваруваат за влијание и за промовирање, заштитат или наметнуват на нивните интереси. Руското влијание на Косово може да се толкува како злонамерно или непријателско. Таа нема намера да поддржува поблиски врски со косовското население да ја промовира својата политичка или економска идеологија, ниту да го внесе Косово во неговата сфера на влијание со нудење на економска помош, политичка поддршка, воена помош или членство во регионални институции управувани од Русија, како што е Организацијата на Договорот за Колективна Безбедност CSTO и Евроазиската Економска Заедница EurAsEC (Власи, 2020).

Северно Косово е жешка точка каде се знае дека тензиите за суверенитет меѓу Косово и Србија избувнаа со текот на годините. Руски кампањи насочени кон дезинформации поттикнаа тензии и непријателства меѓу соседите. Нивната улога беше јасна и стратешка, и влијанието беше ублажено само затоа што странските сили се вклучија во повиците за деескалација и дипломатски преговори (Matias, 2023).

Контекстот на малигните информациски операции на Русија кон Косово е поддржан од меѓусебната зависност на Москва и Белград, во остварувањето на нивните надворешно политички интереси кон Приштина, Брисел и Вашингтон. Колку што и е потребна на Србија Русија да го поддржат во однос на Косово, исто толку на Русија и е потребна „политичката и воената неутралност“ на Белград. Ова е суштинска компонента на стратегијата на Русија за да го блокира интеграција на преостанатите држави од Западен Балкан во евроатлантските институции, со држење нерешено конфликтот меѓу Косово и Србија за да воведе нестабилност во регионот и да го предизвикаат Западот преку неговата „мека злонамерна моќ (Пеци, 2020).

Косово и Босна се геополитички точки, кој од противниците на Западот може да се користи за притискање на „копчето“и да го рашири огнот на конфликтите во регионот (Хоџај, 2022).

Русија и Србија уживаат активни дипломатски, воени, економски, културни и верски односи. Врската помеѓу овие две држави е посебно силна поради неколку фактори. Од историска гледна точка, Русија и помага на Србија во Руско  - турската војна во 1878/1879 година, а подоцна и во 1914 година кога австроруската војска ја напаѓа Србија. Како заедничка карактеристика е тоа што и двете држави имаат источно православна вера. И како трета карактеристика може да се наведе дека Русија остро го осудува бомардирањето на Белград од страна на НАТО во 1999 година.

Влијанието на Руската Федерација врз државите од Западен Балкан, е сериозно прашање, комплексно и опасно, бидејќи Русија преку Србија сака да има влијание во овој дел од Европа со цел да го прошири и одржи своето влијание во овие земји со цел да ги попречат Соединетите Американски Држави да го одржуваат своето демократско влијание и заштитата на своите сојузници (Идризај, 2021).

Американската и европската политика во Западен Балкан е оспоруван од важни меѓународни и регионални фактори како Русија, Кина, Турција итн. Русија има еден традиционален сојузник на Западен Балкан а тоа е Србија, додадена тука и Република Србска. Русите имаат неколку инструменти кои успешно ги користат како оружје, гас, нафта, православна црква, диверзија итн. Нивната цел е да го попречат натамошното унапредување на НАТО, одржување на статус кво во Босна и Херцеговина и одложување или саботирање на процесот на европска интеграција на Западен Балкан. Суштината на руската интервенција таму беше фаворизирана од американското повлекување и од европската амулија (Мило, 2019).

Филозофските и идеолошките врски ги држат Русија и Србија заедно и не се само продолжетоци една на друга, но преку хибридната војна против регионалните и западните ривали, најдоа едно ново значење во старата мисија: хегемонија (Хоџај, 2022).

Врската меѓу двете држави е особено силна поради неколку фактори. За почеток, историски, Русија им дојде на помош на Србија и Бугарија во руско-турската војна од 1878-79 година и повторно во 1914 година кога Австро-Унгарија ја нападна Србија.

Второ, и двете држави припаѓаат на источната православна вера. И трето, Русија остро го осуди бомбардирањето на Белград од НАТО во 1999 година и одбива да ја признае независноста на Косово. Покрај тоа, двете земји имаат силни економски врски,

особено во енергетскиот сектор. Исто така постои воена и разузнавачка соработка: Русија создаде еден „Хуманитарен центар“ во близина на Косово во јужна Србија, која има за цел „да ги спречи и елиминира вонредните хуманитарни ситуации“, но според некои извори центарот е руска воена разузнавачка база. Билатералните воени односи се исто така силни.

Конечно, кога станува збор за перцепцијата на јавноста, поддршката за Русија во Србија е доста висока. Според анкетите, Владимир Путин е најпопуларниот странски лидер во Србија, оставајќи ја зад себе популарноста на претседателот Вучиќ. Анкетите покажуваат дека 51% од србите ги гледаат односите со Русија како многу поволни, 48% воопшто не сакаат односи со НАТО и 50% го поддржуваат членството во ЕУ. Таквите одговори може да се толкуваат како речиси интуитивни, тврди Ејдус. Тоа е поради наративата што Русија го продава со децении меѓу српското население. Односно, слично како на Црна Гора, руската дезинформативна кампања во Србија се одвива масовно. Овие наоди покажуваат дека руското влијание во Србија ја има своја идеолошка и геополитичка основа (Лошај, 2024).

Србија и Русија покрај развиеното стратешко партнерство, што значи меѓусебна соработка на меѓународната сцена и развиена политичка, економска, безбедносна и културна соработка, тие имаат и долгогодишно пријателство засновано на заедничко словенско и православно историско наследство. Двете земји се соочија и со свои предизвици во односите меѓу нив, кои и покрај меѓународните околности во кои се одвиваат, остануват добри, но дефиниран не само од традиционално пријателство, но и од реално-политичките и националните интереси на двете земји (Траиловиќ, Рапаиќ, 2023).

Црна Гора претставува комплексен случај во поглед на руското влијание. Од историска гледна точка, Црна Гора и Русија имале блиски односи кои датираат од 19 век. Денес, во модерни услови односите помеѓу Црна Гора и Русија почнуваат да се влошуваат и нарушуваат како реузлтат на тоа што Црна Гора во 2014 година се одлучува да воведе санкции за Русија поради анаксијата на Крим. Ваквата определба на Црна Гора наведува на заклучок дека земјата својата политика ја усклaдува со заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија по однос на ова прашање.

Без разлика дали неговата улога е опишана како нарушувачка или опортунистичка, стратегијата на Кремљ на Балканот е да се намали вмешаноста на неговите ривали до ниво што би ги направило земјите од регионот кои се предмет на интервенција од Москва. Не интегрирани во европските и евроатлантските структури, натоварени со ендемска корупција, кои страдаат од демократски дефицит, етнички тензии и продолжени билатерални спорови, земјите од Западен Балкан се идеална цел за Русија. Превентивните операции често се обидуваат да ја спречат една држава да преземе одредени активности, како што е приклучување кон ривалски сојуз. Обидот за државен удар во Црна Гора, во октомври 2016 година. Целта на Москва беше да ја спречи земјата да влезе во НАТО. За да го докаже ова, ова дело се фокусира на напорите на Москва да влијае на Црна Гора пред обидот за државен удар. Заговорот за државен удар во Црна Гора тоа е кулминација на хибридната операција на влијание од повеќе од две години. Ова вклучува : а) Руски обиди да влијае на Црна Гора преку економски средства; б) Напорите на Москва да создаде стабилно поморско (воено) присуство во Црна Гора; в) Интензивна медиумска кампања; г) Продлабочувањето на влијанието на Русија врз проруските српски националисти во Црна Гора и отворена политичка и финансиска поддршка за нивните активности. Кога се чини дека отворените средства за влијание биле неефикасни, една тајна операција изгледа како остварлива опција (Garcevic, 2019).

Руското злобно влијание се обидува да ја искористи секоја слабост и општествена поделба во одредена земја. Мора да се разбере дека се, почнувајќи од религијата, историја, факти, информации, расни и етнички тензии, незаконското финансирање и институционалната и економската слабост може да се вооружат. Мобилизацијата на православната црква во Црна Гора преку Српската Православна Црква е едно такво оружје во напорите на Кремљ да го оживее панславизмот и да го обедини словенскиот свет под руско покровителство.

Кремљ исто така ја вооружува историјата, додека се обидуват да ја оживее историската улога на Руската Империја како вистински заштитник на словенските браќа во Црна Гора од нејзините судири со Отоманската Империја. Денес Русија ги штити своите словенски браќа од Запад и повикува за моќен заеднички словенски идентитет и православната култура ќе има поголемо влијание во Црна Гора (Conley, Melino, 2019).

Ниту една земја на Балканот нема добиено толку многу инвестиции од Русија како Црна Гора. Малата крајбрежна држава со нешто повеќе од 620.000 жители редовно се наоѓаше на врвот на топ листите за приматели на Директни Странски Инвестиции по глава на жител. Навистина благодарение на паричните текови кои доаѓаа од една Русија каде што процесот на приватизација на „шок терапија"беше вклучено додека овие финансиски текови беа на највисокиот врв (Prelec, 2022).

Руското влијание во Црна Гора се потврдуваат и од македонските разузнавачки документи објавени од Проект за Известување за Организиран Криминал и Корупција и партнери НОВА ТВ и Мрежата за Известување за Криминал и Корупција (Кучи, 2024).

Како Албанија и Црна Гора, така Русија ја додаде и Северна Македонија на својата листа на непријателски земји, благодарение на одлуката за воведување санкции кон Русија понејзината инвазија на Украина, по примерот на ЕУ. Во Република Северна Македонија нема значајно руско присуство во реалниот или финансискиот сектор, освен зависноста од рускиот гас, која се очекува да се надмине со изградбата на гасоводот со Грција.

Се поставува прашањето на кој начин Русија го јакне своето медиумско и експерстко влијание. Најпознатиот резултат на меката моќ беше акумулацијата на медиумското влијание, кое отиде во две насоки. Први се државните медиуми : Радио Спутник од 2014 година, Гласот на Русија, кое е дел од холдинг компанијата Росија Сегодња и емитува програми на 24 јазици и холдингот Русија денес, кој емитува на англиски од 2005 година, арапски од 2009 година, француски од 2017 година и германски од 2021 година, кој исто така има веб-страница на српски јазик и се емитува онлајн на кинески. Нај интензивно присуство во медиумскиот простор во земјите од Западен Балкан, Русија постигнува преку новинската агенција Спутник. Имено во 2015 година во Србија во Белград, се отвора регионална канцеларија на Спутник во Србија. Веб порталот Спутник Русија со придружна мобилна апликација која е сетирана на српски јазик е исклучително влијателна, а неговата содржина сеуште е бесплатна, што значи дека може да биде пренесувана од бројни српски портали со еден единствен услов, а тоа е да се наведе извор на информацијата која се споделува. Радио Спутник вклучува неколку емисии кои ги покриваат најважните сфери на активност - политика, култура, енергија, економија и др. Емисиите се емитуваат од приватната белградска радио

станица Радио Новости, а потоа истите се реемитуваат во регионални и локални радио станици во Србија. Меѓу наративите што ги пропагира Спутник, може да се издвојат следните, и тоа: ЕУ и НАТО се слаби, фрагментирани, хегемонични и агресивни. Насловите се од поделувачка природа и истите поттикнуваат лажни наративи, сензационалистички дезинформации се вообичаени на порталите на оваа новинска агенција. Во денешен свет на голем развој на технологијата, многу лесно може овие наслови да станат дел и од македонските портали. Па покрај влијанието кое се остварува во Србија, истото е се поприсутно и во Република Северна Македонија.

Кремљ е можеби најуспешен на полето на медиумите и дезинформациите. Руската пропаганда продира во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија преку портали, локални медиуми и социјални медиуми финансирани од Русија. Руските дезинформации и наративи навлегоа во регионот до таа мера што значителни делови од општеството имаат позитивна слика за Русија и нејзиното политичко раководство.

Како друга може да се наведе неформалната работа на социјалните мрежи особено „фабриката за тролови“ на Пригожин. Руските интернет тролови со седиште во стара фабрика за оружје во Санкт Петербург се насочени кон светските лидери на Интернет и шират поддршка за инвазијата на Владимир Путин на Украина. Онлајн оперативците им наредуваат на следбениците да ги таргетираат западните медиуми и политичарите. Режимот на рускиот претседател преку “фабриката за тролови” се обидува да манипулира со јавното мислење на социјалните мрежи, како и во делот за коментари на големите медиуми. Главна активност е „бригадирањето“, за да се насочи вниманието на дискусијата на социјалните медиуми и во делот за коментари на весниците кон фаворизираните мислења. Исто така се прави и манипулација со анкетите во западните медиуми, вклучително и за искривување на резултатите од истражувањето за тоа дали се поддржани санкциите против Русија.

Во други случаи, станува збор за поддршка на стручни и научнии нституции кои се труделе не толку да станат државни агенти колку да заземат своето можност и престижно место на меѓународната сцена на професионалната мисла.

Во оваа категорија може да се вклучи и квази независниот Совет за надворешна и одбранбена политика, кој го издава списанието „ Русија во глобални работи “ од 2002 година и се уште го прави со задолжителна англиска верзија.

Од 2009 до 2017 година, Рускиот Институт за Стратешки Студии (РИСС) беше активен на пост-советскиот простор и на Балканот, спроведувајќи аналитички активности во интерес на Извршната канцеларија на претседателот.

Нејзиниот тогашен директор Леонид Решетников бил близок со Малофејев, а по смената работел во неговите структури. Заминувањето на Решетников, генерал-полковник на СВР, во експертските кругови беше поврзано или со неуспешниот државен удар во 2016 година во Црна Гора, или со ротацијата на персоналот од страна на новиот заменик-шеф на претседателската администрација, Сергеј Кириенко.

Неодамнешни најефикасниот метод што го користи Руската Федерација за влијанието е информациската војна, составена од хибридни тактики. Москва со средства за информативна војна се обидува да го продолжи своето влијание на Западен Балкан. Во земјите од Западен Балкан руското присуство се јавува во различни форми. Пропагандата е веќе на извонредно ниво на Москва, и има широк ангажман во Западен Балкан. Во споредба со другите области на влијание, се гледа дека пропагандата зазема поголем простор во руските активности на Балканот и се надополнува со други средства за влијание (Ибраими, 2021).

Балканот е предвиден да биде другиот дел на табелата на руските експанзионистички амбиции во Европа. Карактеристики на руската геополитичка стратегија на Балканот е концентрацијата на главниот удар во поранешните комунистички земји, бидејќи отпадот и наследниците на старата комунистичка и просоветска идеологија се на терен, каде руските специјализирани институции можат да ги активираат своите планови за секоја поранешна комунистичка земја во регионот.

Балканот е големото поле на геополитички конфликт меѓу Западот, НАТО и ЕУ од една страна и Русија од друга страна, каде западната страна се залага за евроатлантска интеграција на Балканот, додека Русија за одвојување на Балканот од евроатлантските интеграции. Хибридната војна на Русија во Европа и на Балканот е акција на меѓународно ниво во функција на геополитичка корекција и враќање на сферите на руско влијание во некои региони и земји. Русија ги има сите земји на Балканот во фокусот на својата интервентна активности, руската интервенција на Балканот се очекува да расте (Мурати, 2022).

## 4.1.Влијание на Русија во Република Северна Македонија

Северна Македонија и Русија воспоставија билатерални врски во раните 1990-ти и оттогаш имаат потпишано повеќе договори за економска и културна соработка. Двете земји споделуваат културни и религиозни сличности сепак, во зависност од историската ера, билатералните односи преминаа од кооперативни во непријателски и обратно. Во поновата историја, оваа промена се случи за време на политичките немири во Северна Македонија во 2015 година, кога генерално пријателските односи меѓу двете земји брзо се влошија. По решавањето на спорот за името и ратификацијата на членството во НАТО, Северна Македонија се обиде постепено да ги подобрува официјалните односи со Русија, принципално од економски причини, што доведе до учество на тогашниот премиер Заев на економскиот форум Русија-Северна Македонија во Скопје. Бидејќи тензичните односи меѓу Северна Македонија и Русија се продлабочија од почетокот на војната во Украина, пристапот на овие двете страни се промени. Во март 2022 година, Северна Македонија е додадена на „непријателската листа"на земјите кои се приклучија на санкциите на ЕУ против Русија. За премногу, од почетокот на војната, Северна Македонија протера неколку руски дипломати пронајден во спротивност со Виенската Конвенција за Дипломатски Односи (Rechica, 2023).

Геополитиката е сложено и динамично прашање и постојано се менува, во зависност од сферите на влијание и интересите на големите сили. Русија е една од трите најмоќни и највлијателни земји во светот според престижната медиумска компанија US News and World Report. Руското влијание во медиумскиот простор, особено во електронските медиуми и социјалните мрежи е огромен и се работи најмногу за генерирање на лажни вести кои сериозно влијаат на изборните и демократските процеси во земјите од регионот, а тоа важи и за Северна Македонија. Се чини дека лажните вести се вкорениле во македонскиот информативен простор, па често се во служба на политичките партии, со цел да се реализираат одредени агенди. Ние не смееме да го елиминираме руското влијание и на некои претставници на безбедносните служби во Северна Македонија. Русија врши влијание врз Северна Македонија преку трети земји, и ова влијание може да се смета како дел од хибридните методи што ги користи Русија. Хибридните закани како нов начин на наметнување на влијанието се непознати за македонската јавност, но не и за науката. Русија ги искористи сите можности и средства што им е достапно за да го наметне своето влијание врз процесите во

Република Северна Македонија, особено и поагресивно во периодот на преименување (Dimovski, 2024).




Слика 1. Спречување на хибридна војна ( Ivanov, Shalamanov. 2020).

Главниот интерес на Русија во земјата е да го запре проширувањето на ЕУ и нудат можност за една алтернативна интеграција. Главните методи кои се користат во Северна Македонија се слични на целокупната руска стратегија за Западен Балкан и се фокусира на политиката, економијата и меката моќ (Belidia-Ilias, 2019).

Влегувањето на Република Северна Македонија во НАТО може да се опише како голем неуспех на руските субверзивни и разузнавачки дејствувања и активности. Сепак, определени негови резултати, односно определено влијание на Русија во Северна Македонија и понатаму е присутно и видливо. Поради сложената внатрешно политичка ситуација во која прорускиte ориентирани националистички струи и понатаму уживаат солидна поддршка, како и поради колебањето на Европската Унија да ги отвори преговорите со Северна Македонија, се чувствува повторно отворање на Северна Македонија кон Русија. За разлика од Црна Гора која имала влада која е прозападно и европски ориентирана, пред влезот на Црна Гора во НАТО, Северна

Македонија, приближно една деценија пред влезот во НАТО имаше на власт десно-ориентирана елита која се потпирала на Русија во застапувањето на тврдо корните националистички позиции, како и на потребата да ги решат многуте отворени прашања со соседите – Грција и Бугарија. Во овој факт може секако да се бара една од причините поради кои тогашната македонска влада, за разлика од црно горската, не се придружи кон рестриктивните мерки на Европската Унија спрема Русија, после анексијата на Крим од 2014 година.

Северна Македонија доаѓа во посебен интерес на Русија, во оние моменти во кои Црна Гора почнува да се приближува кон полно правно членство во НАТО, а меѓународната заедница се охрабрува како би можело НАТО да добие и дополнителна членка која е дел од Западниот Балкан. Во текот на месец јуни 2017 година Проектот за известување за организираниот криминал и корупција и неговите партнери Нова ТВ и Мрежата за известувае за криминалот и корупција му даваат на *The Guardian* серија документи на македонската контраразузнавачка служба со кои се потврдува дека руските разузнавачи и дипломати се присутни во Северна Макдонија приближно една деценија, се со цел да се изврши дестабилизација на државата, а со самото тоа и дестабилизација на Европската Унија и НАТО (Harding, Belford, Cvetkovska, 2017).

Во едно истражување од 2022 година на Центарот за анкетни истражувања на Меѓународниот Републикански Институт (ИРИ) за Северна Македонија е утврдено дека во земјата може да се забележи зголемување на кинеското и руското влијание, недостаток на транспарентност во политичките партии и поддршка за инцијативата “Отворен Балкан”. Во однос на надворешната политика, 64 от стоо граѓаните на Северна Македонија се согласуваат дека силните односи со Кина им служат на нивните интереси. Шеесет процент иистото го мислат за Русија. Ова е зголемување од единаесет проценти за Кина и шест проценти за Русија во однос на анкетата спроведена во февруари 2020 година. Но во објавената анкета покажува и силна поддршка за Европската Унија (ЕУ) и САД. Севкупно, 85% се согласуваат дека

силните односи со ЕУ најдобро им служат на интересите на Северна Македонија, 76% го делат истото мислење за САД.[1]

Во друго истражување од 2024 година, од анкетата на ИРИ за Западен Балкан може да се заклучи дека постои поддршка за членството во ЕУ, додека пак нападите на Русија врз Украина се сметаат за неоправдани. Последното мултинационално истражување за Западен Балкан од страна на Центарот за Анкетни Истражувања (CISR) на Меѓународниот Републикански Институт (ИРИ) покажува широка поддршка за приклучувањето кон Европската Унија (ЕУ) и силно мнозинство кое ја смета руската војна против Украина за неоправдана. Анкетата е спроведена во Албанија, Босна и Херцеговина (БиХ), Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија во периодот меѓу 2 февруари и 5 март 2024 година, соопшти ИРИ Македонија.[2]

Руското разузнавачко и пропагандно дејствување во Северна Македонија според наодите од документите се провлекува уште од 2008 година, кога Грција извршува блокирање на евроатланскиот пат на Македонија поради прашањето за името. Руските активности во главно се состоеле во поттикнување на македонските националистички струи, како и поттикнување на прорусkите струи и уривање на ставовите на оние кои се прозападно ориентирани. Како Северна Македонија се приближува кон членството во НАТО, наеднаш расте бројот на организации на македонско – руско пријателство, се отвора Руски културен центар во Скопје, се преземаат интензивни активности на планот за промоција на “пансловенскиот идентитет” и православието. Русија започнува да финансира и изградба на голем број на православни цркви во Северна Македонија.

Интересите на Русија за Северна Македонија се и во делот на енергетиката и стопанството. Руската компанија *Stroy trans gaz* започна со изградба на гасовод на

[1] Фактор Портал, Зголемено кинеско и руско влијание во Македонија пред војната во Украина: Анкета на ИРИ, Скопје, Македонија, 07.03.2022 година, https://faktor.mk/zgolemeno-kinesko-i-rusko-vlijanie-vo-makedonija-pred-vojnata-anketa-na-iri пристапено во 03 Септември, 2024

[2] Радио Слободна Европа, Анкета на ИРИ за Западен Балкан: Поддршка за членството во ЕУ, нападите на Русија врз Украина неоправдани, 14. 05. 2024 година, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32946701.html пристапено во 03 Септември, 2024

мрежа во текот на 2015 година, а огромен дел од трошоците ги покрива токму Русија, 60 милиони од 76 милиони (Belford et al., 2017).

Русија ги следи сопствените економски интереси во Северна Македонија принципално базиран во трговско-економските односи и во енергетскиот сектор.

Културниот интерес на Русија во Северна Македонија е да ја исполни својата надворешна политика во Балканот, што е да се спречи проширувањето на ЕУ во Северна Македонија. Главните културни методи што таа ги користи, покрај политичкото и економското интензивирање на највисоко ниво, се ширењето на верските врски и проширувањето на руските медиуми во земјата. Во однос на неговите активности, во моментов има над 30 руско-македонски културни друштва. Нивните активности се фокусираат на промовирање на руската култура во земјата преку организирање фестивали, конференции и студентски активности. Покрај тоа, една канцеларија на Росотрудничество се отвори во земјава во 2016 година по меѓувладиниот договор од 2013 година кој предвидуваше во земјата да се формира еден руски културен и научен центар. Кремљ исто така ја финансираше изградбата на еден Руска православна црква во близина на скопскиот аеродром. Покрај тоа, што се однесува до медиумскиот сектор, канцеларијата на Спутник има канцеларија во Скопје, која ги следи политичките настани и ја следи надворешната политика на земјата и влијанието на ЕУ во земјата (Belidia-Ilias, 2019 ).

Руската економска активност во Македонија има ограничени капацитети. Географска локација на Македонија во споредба со другите земји на Источна Европа ја прави земјата помалку ранлива и под индиректен руски воен притисок, но предложени проекти на бизнис, сегашните компании кои веќе работат во Македонија, предложениот систем на снабдување на природен гас, можат да ги променат политиките на македонските владини претставници во насока на процесот на одлучување и паралелно ја стави земјата во ризик од влијанието на Русија (Ибраими, 2018).

Од економска перспектива, руското економско влијание се зголеми во последните 10 години, но од мало значење во споредба со другите земји од регионот. Една студија спроведена од Центарот за Проучување на Демократијата покажува дека приходите на

руските компании во Северна Македонија се зголеми од 63 милиони евра во 2006 година во повеќе од 212 милиони евра во 2015 година. Сепак, тие сочинуваат само околу 1 процент од вкупниот приход во земјата. Студијата исто така покажува дека голем дел од инвестициите на Русија во Северна Македонија се канализирани преку офшор компании регистрирани на Кипар или даночни раеви како Белизе. За премногу, покажува дека во Северна Македонија има 78 компании со повеќе од 25 отсто од нивните акции во сопственост на руски субјекти, правејќи го тоа нешто повеќе од 1 процент од вкупниот приход во економијата, од кои половина е направен од малопродажниот дистрибутер на гориво Лукоил. Другиот дел припаѓа на две компании за изградба на гасоводи, кои ја прошируваат внатрешната преносна мрежа и дистрибуција на гас на земјата, како и бизнис за коцкањето на Сергеј Самсоненко. Корпоративното влијание на Русија е претставено на слика 6.1.




Слика 6.1 Корпоративното влијание на Русија во Северна Македонија 2006–2015 година ( Nechev, Nikolovski, 2019 ).

Иако можеби да беше порано една од главните точки на руското влијание поради некои проруски политичари, се чини дека Северна Македонија заминува од Русија и повеќе не е на нејзиниот радар. Како Албанија и Црна Гора, Русија исто така ја додаде Северна Македонија на својата листа на непријателски држави, благодарение на одлуката на последната да воведе санкции кон Русија по руската инвазија на Украина,

следејќи го на тој начин примерот на ЕУ. Според Меѓународниот Индекс на Вијание од Институтот Преспа, Русија не се смета како главен влијател во работите на Северна Македонија. Нема значително руско присуство во реалниот или финансискиот сектор на економијата, освен зависноста од рускиот гас, но и неа ќе се намали со изградбата на новиот гасовод со Грција.

Освен овие аспекти, дипломатски односи помеѓу две држави изгледа дека се напнати. Сепак, има некои прашања во Северна Македонија кои заслужуваат подетално разгледување во однос на руското влијание, бидејќи ниту во оваа земја ниту во регионот или ЕУ, ситуацијата не може да се земе здраво за готово. Сепак, додека членството во НАТО е завршено, кога станува збор за членството во ЕУ, Северна Македонија се соочува со уште една пречка, Бугарија го користат своето вето за да ја спречи Северна Македонија да влезе во ЕУ. Такво нерешено прашање, како што тврдат некои аналитичари, може да послужи како уште една можност nа Русија да интервенира. Затоа, додека Северна Македонија можеби моментално не е жешка точка за конфликт, недостаток на забрзан пат кон членство во ЕУ може да ја напушти Северна Македонија изолирана и да стане погодна почва за нарушувачко влијание од надворешни актери како што е Русија. Кога станува збор за перцепцијата на јавноста, се чини дека во Северна Македонија доминира прозападното расположение. Анкетите на јавното мислење покажуваат дека 22 отсто од населението во Северна Македонија гледаат на Русија како многу поволен сојузник, во споредба со 59% кои поддржуваат полноправно членство во НАТО и 74% се за членство во ЕУ ( Лошај, 2024 ).

Безбедност, енергетска инфраструктура и финансии се една од областите каде што Кремљ има намера да се прошири. Во последниве години беа направени низа руски рефлексии со инвестиции во балканските банкарски и енергетски системи. Од тука се засилува конкуренцијата меѓу САД и Русија за Балканот. Транзитни линии за гас, владини профили, коридори кои ја засегаат Македонија и соседните земји, се жешките точки на новата трка (Ибраими, 20016).

Северна Македонија е единствената земја во регионот со поголема зависност од увезена енергија од просекот на ЕУ. Тоа е затоа што го увезува целиот свој гас и нафта, како и дел од електричната енергија и, во последниве години и јаглен. Фосилниот гас се увезува во Северна Македонија преку единствена влезна точка на бугарската граница, а до 2022 година преку оваа рута се увезуваше само руски гас. Меѓутоа, во

октомври 2022 година, Бугарија и Северна Македонија потпишаа договор за проширување на капацитетот на гасоводот и овозможување преку него да се увезува неруски гас. На ова во декември 2023 година следуваше оглас дека увезениот гас за државното претпријатие ЕСМ повеќе нема да доаѓа од Русија, туку само од Азербејџан или Соединетите Американски Држави (Lesoska, Gallop, 2024).




Графикон бр. 1 : Украина го купува својот гас од ЕУ од 2015 година.

Извор : Агенцијата на Европската Унија за Соработка на Регулаторите за Енергетика

Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Молдавија се најзависни од рускиот гас меѓу европските земји, покажаа податоците на Агенцијата на Европската Унија за Соработка на Енергетските Регулатори (ACER).

Заживувањето на верскиот живот во пост советска Русија беше кратко трајно. Иако, по распадот на Советскиот Сојуз, слободата на вероисповед стана загарантирано право со Уставот, верските малцинства сè уште се соочуваат со низа проблеми. Владата се сомнева во религиозни активности на помалите деноминации и одржува механизми за надзор што ги следа тверниците дома и во странство. Групите кои се најмногу погодени од антирелигиозните политики на владата се не традиционални верски

малцинства. Законот за екстремизам им дава на властите дискрециони овластувања да се мешаат во религиозни прашања и да го спречат ширењето на анти владините чувства. Малцинските групи се целна кривични пријави, притворања и затворски казни според законската рамка за борба против екстремистичките активности (Terzyan, 2023).

Во Северна Македонија присутна е и рударската компанија *Solway Group*, швајцарска групација на чие чело се наоѓа естонски државјанин, но според своето работење оваа групација е тесно поврзана со лицата кои се дел од опкружувањето на Путин.

Информациското влијание на Русија врз Северна Македонија може да се согледа во руската пропаганда која се спроведува во Северна Македонија со посредство на медиумите, во македонските политички елити кои се ставаат во служба на руската пропаганда, во социјалните мрежи кои се користат за остварување на ова влијание, во дејствувањето на разузнавачките руски служби во Северна Македонија и сл.

## 5. Заклучок

Докторскиот проект со наслов "Малигното информациско влијание на Русија во Западен Балкан : Случајот со Република Северна Македонија", дава целосна слика на руското влијание кое се остварува и е присутно на регионот на земјите од Западен Балкан, вклучително и руското влијание во Република Северна Македонија.

Самиот докторски проект ги разработува и анализира комплексните односи кои настануваат на релација Русија со земјите од Западен Балкан, конкретно со Република Северна Македонија.

Еден од нај големите предизвици за земјите од Западен Балкан секако е степенот на присуство на руското влијание, односно присуство на влијанието на Русија, која традиционално историски покажува своии нтереси за овој регион. Работата дополнително се комплицира во овие меѓународни односи ако се има во предвид улогата на Соединетите Американски Држави, Европската Унија и НАТО во земјите од Западен Балкан, при што истите настојуваат да ги остварат своите интереси. Регионот на Западен Балкан, кој и понатаму страда од наследството на војните од 90-те години на минатиот век, уште е многу чувствителен на определени предизвици и

закани. Различните, а понекогаш и спротив ставените замисли и влијанија на странските сили на Балканот може да доведат до нестабилност на регионот, како на краток, така и на долг рок. Западниот Балкан, несомнено, веќе неколку години, се соочува со сериозни предизвици за својата безбедност. Растечката тензија на меѓународно ниво и повторното воспоставување на геополитиката и ривалството претставуваат предизвик за регионот на Западен Балкан, конкретно за Република Северна Македонија.

Докторскиот проект на еден сеопфатен начин ги претставува различните механизми на руската пропаганда во земјите од Западен Балкан, вклучително и во Република Северна Македонија. На различен начин се спроведува руската пропаганда во земјите од Западен Балкан. Влијание кое се остварува преку тесна поврзаност со политичките елити во земјите од Западен Балкан, дезинформации кои се пласираат во Online просторот, известувањето на руските медиуми за состојбите во Западен Балкан, традиционални врски, економска зависност, активности на терен на разузнавачките служби, посебна улога на црквата, отворање на разни организации во земјите од Западен Балкан, кои ја промовираат руската идеја и сл. Руската пропаганда на овие простори има определени таргети. Целите на руската пропаганда може да се поделат во три групи, земји, организации и поединци. Очекувано, најчести се Украина, украинскиот претседател Володимир Зеленски, украинската влада, Вооружените сили на Украина и украинските сојузници, како што се Европската Унија и меѓународните институции, како НАТО. За реализација на оваа руска пропаганда се користат и специјално создадени наративи, како што се: “западот е агресор”, “Украина е агресор кон Русија”, “Санкциите против Русија даваат контраефект”, “Западот е лицемерен”, “Украина е нацистичка и терористичка држава”.

Самото научно истражување нуди опис на истражуваната појава, конкретно опис на односите кои настануваат на релација Русија со земјите од Западен Балкан, вклучително и Република Северна Македонија. На овој начин структуираната докторски проект овозможува објаснување и разбирање на различните аспекти на овие сложени билатерални односи, на земјите од регионот на Западен Балкан со Русија.

Република Северна Македонија не е имуна на руското влијание кое продира на Балканот во целина. Јасната определба на Република Северна Македонија за нејзина ориентираност кон Соединетите Американски Држави, полно правното членство во

НАТО, како и стремежот за целосна европеизација на земјата во Европската Унија, само врши компликација на односите на релација Русија со Република Северна Македонија.

Во оваа констелација на односите Русија уште повеќе е мотивирана непречено и по секоја цена да ја реализира својата пропаганда, во Република Северна Македонија, како би можела да ги оствари своите интереси.

Самиот докторски проект, односно тематиката која е предмет на интерес претставува збогатување на научната литература во оваа област. Вака конципиран докторскиот проект ќе даде свој придонес и во димензионирањето на политиките во Република Северна Македонија, кои се однесуваат на спречување на било какво надворешно влијание.

ИП1) Како се манифестира руското влијание (“меката моќ”) во Западен Балкан, со посебен осврт кон Република Северна Македонија?

Обемот, фреквенцијата и интензитетот на забележаните наративи покажуваат дека Северна Македонија и Балканот се високо на агендата на Кремљ. Руското влијание го вовлекува населението во концептот на заеднички вредности со 'словенските и православните браќа од Русија кои немаат ништо заедничко со западниот свет и САД', со што се поттикнува отпор кон Европската Унија (ЕУ) и НАТО“.

ИП2) Кои се инструментите на руското влијание во Западен Балкан, со посебен осврт кон Република Северна Македонија?

Искористување на блискоста со политичките елити во земјите од Западен Балкан, искористување на црквата, користење на медиумите, дезинформации во online просторот, теренски активности на руски разузнавачи се само дел од инструментите на руското влијание во Западен Балкан, вклучително и во Република Северна Македонија. Од медиумското влијание на Русија во Република Северна Македонија може да се забележат неколку наративи. Оправдување на агресијата, прикажување на Украина како закана за постоењето на Русија поради нејзината блискост со Западот и наводниот нацизам, преку наративите „Лаборатории за биолошко оружје во Украина и Украинците се нацисти“. На враќање на минатото и употребување на манипулациите поврзани со случувањата во Југославија, со промовирање на наративот „Косово е Србија, Донбас е Русија“. Прикажување слика дека санкциите повеќе му наштетуваат на Западот отколку

на Русија, додека Русија во голема мера не е засегната. Овој наратив ја содржи дисторзијата дека економските санкции се проблем, а не последица од руската агресија врз Украина, со што се создава антизападно расположение. Создавање перцепција дека Западот сака да ја уништи Русија поради нејзиниот православен светоглед, наратив кој беше промовиран од руски функционери, како и од руски сојузници и пропагандисти. Наративот ја опфаќа религијата, со што се прави обид војната да се прикаже како конечна, апокалиптична, „света војна меѓу злиот Запад и праведниот Исток“. Повикување на емоциите на луѓето преку наративот „Словенско-православно братство“, со што се произведува антизападно расположение. Како што е претставено, сите овие наративи предизвикуваат поделби и имаат за цел да поттикнат антизападно расположение кај публиката, со што претставуваат пречка за евроатлантските интеграции на Северна Македонија и регионот.

ИП3) Како се артикулира јавното мислење во земјите од Западен Балкан, посебно во Република Северна Македонија, во однос на Русија (генерално) и руско-украинската војна (посебно)?

Кај јавноста во земјите од Западен Балкан може да се забележи силна поддршка за Европската Унија (ЕУ) и САД. Севкупно, 85% се согласуваат дека силните односи со ЕУ најдобро им служат на интересите на Северна Македонија, 76% го делат истото мислење за САД. Во земјите од Западен Балкан може да се заклучи дека постои поддршка за членството во ЕУ, додека пак нападите на Русија врз Украина се сметаат за неоправдани. Последното мултинационално истражување за Западен Балкан од страна на Центарот за анкетни истражувања (CISR) на Меѓународниот Републикански Институт (ИРИ) покажува широка поддршка за приклучувањето кон Европската Унија (ЕУ) и силно мнозинство кое ја смета руската војна против Украина за неоправдана. Анкетата е спроведена во Албанија, Босна и Херцеговина (БиХ), Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија во периодот меѓу 2 февруари и 5 март 2024 година.

ИП4) Што треба да се преземе во однос на превенција и сузбивање на руското влијание во Западен Балкан, а посебно во Република Северна Македонија?

Забрзано реформирање на земјите од Западен Балкан, како би се создале услови за нивно конечно приклучување кон Европската Унија. Во услови кога Русија води војна против Украина, проширувањето на Европската Унија со земјите од Западен Балкан се

покажува како неопходно, се со цел да се решат безбедносните прашања на Балканот, како и да се обезбеди сигурност на Европа.

Од целосното истражување може да се сумираат неколку резултати, кои може да се согледаат преку следните констатации. Русија традиционално и историски остварува влијание во земјите од Западен Балкан, секако со различен интензитет во различни земји. Билатералните односи кои се на релација земји од Западен Балакн со Русија генерално се затегнати, со исклучок на Србија која и понатаму негува односи на блискост со Русија. Различни се начините на кои се остварува ова руско влијание во земјите од Западен Балкан, медиуми, online простор, црква, активности на разузнавачки служби, образование, отворање на организации за руска култура и идеја во земјите од Западен Балкан и сл. Војната која се води на релација Русија – Украина претставува сериозен фактор за можна дестабилизација на земјите од регионот на Западен Балкан. Русија остварува информациско влијание во Република Северна Македонија, со посредство на медиуми, преку поврзаност на руските политички елити со македонските политички елити, како и руско влијание кое се остварува со помошн асоцијалните мрежи. Исто така руското влјиание во Република Северна Македонија се реализира и преку руските разузнавачки служби, односно преку нивното дејствување на терен.

**Користена литература**


1) Азири, Е. (2012). Политички системи, Тетово
2) Brzezinski, Z. (2013). Strategic Vision. New York: New York Times.
3) Buzan, B., Ole W. (2003). Regions and powers: the structure of international security. Cambridge: Cambridge University Press.
4) Buchholz, K., (2022) Which European Countries Depend On Russian Gas? (Infographic), STATISTA
5) Власи, Е. (2020). Руското влијание во Косово под сенките на митот и реалноста, Косовски Центар за Безбедносни Студии, Специјално издание, Приштина
6) Габер, В. (2017). Од објект до субјект – Македонија во меѓународните односи. Скопје: Фондација “Фридрих Еберт”, Канцеларија Скопје.
7) Garcevic, V. (2019). "Russia's soft and sharp power in southeast Europe — the Russian hybrid influence operation in Montenegro." In: “Reality Check Series: Sources, Tools and Impact of External Non-EU-Engagement in Southeast Europe,” Berlin, Germany, 2019-01-22 - 2019-01-24
8) Georgios-Ilias, Belidis-Ilias, G, (2019). Russian and EU interests and perceptions in the Western Balkans : the case of North Macedonia, Central European University, Department of International Relations, Budapest,
9) Gricius, G. (2020). Russias new soft power:the mir card system, Journal of Liberty and International Affairs, Vol. 6, No. 2. https://doi.org/10.47305/JLIA2020032g%20
10) Гуракуч, К. (2024). Ризици и Геополитички Реконфигурации: Србија и Предизвикот за Стабилноста на Црна Гора, Институт за Хибридни Воени Студии „ОКТОПОД“, Приштина
11) Dimovski, I. (2024). Russia’s geopolitical interestsin the Republic of North Macedonia during the period of renaming, KNOWLEDGE –International Journal, Vol. 46.5, Skopje
12) Dzananovic, N., Emini, D., Nenezic, A. (2023). Foreign Malign Influence in the Western Balkans. Skopje: Institute for Democracy “Societas Civilis” – Skopje.
13) Докмановиќ, М. (2021). Сами на своето: Кратка историја на македонската независност (1990 - 1993). Скопје: Фондација “Фридрих Еберт” – Канцеларија Скопје.
14) Зенделовски, Г., Нацев, З. (2014). Глобализација, мирот и безбедиоста. Скопје: Филозофски факултет.

15) Zoric, B. (2020). Assessing Russian impact on the Western Balkan countries EU accession: cases of Croatia and Serbia, Journal of Liberty and International Affairs, Vol. 3, No. 2.
16) Zubalova, L., Drienikova, K., Ujlaky, L., Durcekova, E.M. (2023). The European Union and China trade presence in Serbia, Journal of Liberty and International Affairs, Vol. 9, No. 3 https://doi.org/10.47305/JLIA2393370z
17) Ибраими, С. (2016). Ладен мир - Деценијата на геополитичките реконфигурации на Балканот, Центар за Безбедносни и Развојни Студии, Тетово
18) Ибраими, С. (2018). Територијата на тивката војна - нови геополитички трендови и динамика во Југоисточна Европа, Институт за безбедносни студии, Тетово
19) Ибраими, С. (2021). Влијанието на Русија на Западен Балкан. Институт за Безбедносни и Развојни Студии, Тетово
20) Идризај, К. (2021). Влијанието на пропагандата врз заканата по државната безбедност, Меѓународен Научен Весник ЦЕНТРУМ, бр.16, Скопје, 2021
21) Илиќ, Г. (2012). ЕУтопија – Надворешно-политичката моќ на Европската унија во идееологиз ацијата на пост-американскиот светски поредок, Битола
22) Ivanov, I., Shalamanov, V. (2020). NATO and Partner countries cooperation in countering asymmetric and hybrid threats in South Eastern Europe's cyberspace, In book: Toward Effective Cyber Defense in Accordance with the Rules of Law (pp.59-70), Publisher: IOS Press, DOI:10.3233/NHSDP200041
23) Ilik, G., Shapkoski, V. (2023). The Informational Influence of Russia and China in North Macedonia and the Western Balkans, in Poland’s Experience in Combating Disinformation: Inspirations for the Western Balkans. Warsaw: Oficyna Wydawnicza ASPRA-JR, DOI: 10.33067/978-83-8209-282-0
24) Јосифовиќ, И. (2011). Безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија. Штип: 2-ри Август.
25) Kaplan,. (2012). The Revenge of Geography: What the Map Tells Us About Coming Conflicts and the Battle Against Fate. New York : Random House.

26) Kostadinov, A. (2023). Western Balkans and Russia Assessing the Trade Impact of Sanctions, Statistical brief 2, Institute for Digitalization, Economy and Innovation, IDEI, Skopje
27) Krisafi, L. (2020). Russia: the ‘Bogeyman’ of Albanian politics, Tirana Obsrvatory, Foreign Policy & International Relations, VOL. 2, NO. 3, Albanian Institute for International Studies
28) Lesoska, A., Gallop, P. (2024). North Macedonia must ditch its unrealistic gas plans and cut to a clean energy future, CEE, Bankwatch Network, Briefing/ 15 February, 2024
29) Лошај, Ј. (2024). Помеѓу континуитетот и промената: Руското влијание и безбедносните предизвици на Западен Балкан од целосната инвазија на Русија на Украина, Бриф за Политики, Фридрих-Еберт-Фондација
30) Matias, B. (2023). Russia’s Increasing Exploitation of Fragile Peace: from northern Kosovo region to global issues, Group for Legal and Political Studies , Prishtina, Policy Analysis 02
31) Metodieva, A. (2019). Russian narrative proxies in the Western Balkans, Policy Paper, The German Marshall Fund of the United States, No.16, Washington
32) Milal, M., Kari, M. (2014). The Western Balkans Geopolitics and Russian Energy Politics. Epiphany Journal of Transdisciplinary Studies. Vol 7: N.1.
33) Мило, П. (2019). Американската политика на Западен Балкан – предизвици и перспективи, Научно списание ЕУРОМЕДИТЕРАН, Медитерански Универзитет, Тирана
34) Mihr, A., Sorbello, A., Weiffen, B. (2023). Securitization and Democracy in Eurasia - Transformation and Development in the OSCE Region, Switzerland,, ISBN 978-3-031-16659-4 (eBook) https://doi.org/10.1007/978-3-031-16659-4
35) Мурати, Ш. (2022). Русите доаѓаат, Тирана
36) Мустафа, Ф. (2022). Геополитика на Балканот – иднината на албанците во регионот, Тирана
37) Nechev, Z. Nikolovski, I. ( 2019). The Western Balkans in the World Linkages and Relations with Non Western Countriesf, 1st Edition, London
38) Panagiotou, R. (2021). The Western Balkans between Russia and the European Union : perceptions, reality, and impact on enlargement, Journal of Contemporary European Studies, Voll. 29, Iss. 2 https://doi.org/10.1080/14782804.2020.1798218.

39) Пеци, Л. (2020). Руската Информативна војна против Косово: позадина и политички манифестации, Косовски Институт за Истражување и Развој на Политики (КИПРЕД), Приштина
40) Prelec, T. (2022). Russian IFF and political influence in South Eastern Europe: How financial flows and politics intersect in Montenegro and Serbia, Serious Organised Crime&Anti-Coruption Evidence Research Programme, University of Birmingham, UK
41) Rechica, V. (2023). Vulnerable Democracies: The Effect of Foreign Influence on the Political and Social Life in North Macedonia, Prague Security Studies Institute, Prague
42) Рибај, П., Чами, Ш. (2015). Војна, Мир, Безбедност - Балкански реалности, Тирана
43) Rogac, A., Darmanovic, S. (2022). Rec kao oruzje – Ruski digitalin tragovi na Zapadnom Balkanu. Cetinje: Centar za demokratiju i ljudska prava – CEDEM.
44) Ruge M. (2022). The past and the furious : how Russia's revisionism Threatens Bosnia, European Council on Foreign Relations, Policy Vrief.
45) Simurdic, M., Teokarevic, J., Minic, J., Dunkanovic, D. (2016). Zapadni Balkan izmedu geografije i geopolitike. Beograd: Fondacija Fridrih Ebert – Beograd.
46) Slavková, M., Grabovac, A., Grabovac, T. (2023). Western Balkans at the Crossroads: Democratic Backsliding and External Actors' Influence, Prague Security Studies Institute (PSSI), Prague
47) Smirnova, N., Yaskova, A. (1999). The Balkans and the Mediterranean policy of Russia. London. New York: Macmillan,
48) Sokolowski, M. (2023). The Recognition of the Autocephaly of the Macedonian Orthodox Church and the Problem of Russian Interference and Disinformation in the Macedonian Public Space After the Invasion of Ukraine in 2022, in Poland's Experience in Combating Disinformation: Inspirations for the Western Balkans. Warsaw: Oficyna Wydawnicza ASPRA-JR, DOI: 10.33067/978-83-8209-282-0.
49) Stanicek, B., Caprile, A. (2023). Russia and the Western Balkans - Geopolitical confrontation, economic influence and political interference, Briefing, European Parliamentary Research Service, PE 747.096
50) Sharifzoda M. (2020). Russian foreign policy towards Bosnia and Hercegovina in 1992-2019, National Research University Higher School of Economics, WP BRP 38, IR.

51) Спасеновски, А. (2005). Балканотнараспитие: (2005 година... Западен Балкан...Предизвици...Нов ПОЧЕТОК...). Скопје: Матица Македонска.
52) Scepanovic, J. (2022). Russia, the Western Balkans, and the Question of Status, East European Politics and Societies: and Cultures, Voll. 37, Iss. 3 https://doi.org/10.1177/08883254221130
53) Terzyan, A. (2023). The state of religious freedom in Russia: Towardsorthodox monopoly, Journal of Liberty and International Affairs, Vol. 9, No. 2. https://doi.org/10.47305/JLIA2392675t
54) Траиловиќ, Д. Рапаиќ, С. (2023). Односите меѓу Србија и Русија за време на украинската криза, Национален интерес, Година XIX, кн. 46, број 3
55) Ferreira da Cruz, M. (2021). The European Union and the creation of the new security periphery – the case of the Western Balkans. ARQUIVOS, No. 25, DOI: https://doi.org/10.14195/1647-6336_25_4.
56) Hajdu, D., Klingova, K., Sawiris, M. (2021). Foreign Malign Influence in Central Europe and THE Western Balkans – ractors, techniques and recommendations. Bratislava: Centre for Democracy & Resilience, GLOBSEC.
57) Headley, J. (2008). Russia and the Balkans: Foreign Policy from Yeltsin to Putin. London: Hurst and Company.
58) Хоџај, Е. (2022). Големиот судир - како Русија се бори против Косово и Балканот, Тирана
59) Cela, A. (2020). The Strategic Role of External Actors in the Western Balkans, Political Academy of the Austrian People's Party&Wilfried Martens Centre for European Studies&Austrian Institute for European and Security Policy, Nr. 14 December 2020 AIES-STUDIES Vienna
60) Conley, H. Melino M. (2019). Russian Malign Influence in Montenegro - The Weaponization and Exploitation of History, Religion, and Economics, Washington, D.C., United States

**ИЗВОРИ ОД ИНТЕРНЕТ**


1. Зголемено кинеско и руско влијание во Македонија пред војната во Украина : Анкета на ИРИ, Фактор Портал, Скопје, Македонија, 07. 03. 2022 година, https://faktor.mk/zgolemeno-kinesko-i-rusko-vlijanie-vo-makedonija-pred-vojnata-anketa-na-iri пристапено во септември 03, 2024 година
2. Анкета на ИРИ за Западен Балкан: Поддршка за членството во ЕУ, нападите на Русија врз Украина неоправдани, Радио Слободна Европа, 14. 05. 2024 година, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32946701.html пристапено во септември 03, 2024 година